# ПОМОШ ОД ГОРЕ



# БОЖЈОТО СЛОВО

Небото и земјата ќе поминат, но Моите зборови нема никако да поминат.
–Лука 21:33

Целото Писмо е од Бог вдахновено и е полезно за поука, за укор, за поправање и за воспитување во праведност.
–2 Тимотеева 3:16

Во срцето го запазив Твојот збор, за да не згрешам против Тебе.
–Псалм 119/118:11

Твоето слово е светилка на моите стапала и светлина на мојата патека.
–Псалм 119/118:105

Ако ги исповедаме своите гревови, Тој е верен и праведен: да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секоја неправда.

–1 Јованова 1:9

Таму ќе има друм и пат, а ќе се нарече свет пат; нечистиот не ќе помине по него, но ќе биде за оној, кој оди по тој пат, и безумниците не ќе скитаат по него.

–Исаија 35:8

Затоа и Исус, за да го освети народот преку Својата крв, пострада вон портата.

–Евреите 13:12

И од Исус Христос, верниот Сведок, Првороден од мртвите и Владетел на земните цареви, Нему, Кој нè љуби и Кој преку Својата крв нè ослободи од нашите гревови. –Откровение 1:5

Но Бог ја покажа Својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници.
–Римјаните 5:8

Зашто Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој - кој верува во Него - да не погине, туку да има вечен живот.
–Јован 3:16

И по општо признание, велика е тајната на побожноста: Оној, Кој се јави во тело, беше оправдан во Духот, им се покажа на ангелите, беше навестуван меѓу народите, поверуван во светот, беше вознесен во слава. –1 Тимотеева 3:16

Во почеток беше Словото, и Словото беше со Бог, и Словото беше Бог. И Словото стана тело и се настани меѓу нас и ја видовме Неговата слава, славата што ја има како Единороден од Таткото - полн со благодат и вистина. –Јован 1:1 и 14

А сето тоа стана за да се исполни она, што Господ го рече преку пророкот, кој вели: Ете, Девица ќе зачне и ќе роди Син, и ќе го наречат Емануил- што значи: Бог е со нас!
–Матеј 1:22, 23

Зашто, ни се роди Дете, Син ни се даде, власта му е на рамото. Името ќе му биде: Чудесен Советник, Силен Бог, Вечен Татко, Кнез на мирот. –Исаија 9:6

Зашто во Него живее сета полнота на Божеството во телесен облик.
–Колосјаните 2:9

Додека Тој зборуваше, ете, ги засени светол облак, и ете, глас од облакот велеше: Овој е Мојот возљубен Син, во Кого сум задоволен; слушајте Го Него! –Матеј 17:5

Ако некој исповеда дека Исус е Божјиот Син, Бог останува во него и тој во Бог.
–1 Јованова 4:15

Исус им рече пак: Вистина, вистина ви велам: Јас Сум вратата на овците.

–Јован 10:7

Исус им рече: Јас Сум лебот на животот; кој доаѓа при Мене нема да огладни и кој верува во Мене нема никогаш да ожедни. –Јован 6:35

Исус им рече: Вистина, вистина ви велам: Јас Сум, пред да се роди Авраам.

–Јован 8:58

Исус ѝ рече: Јас Сум Воскресението и Животот; кој верува во Мене - и да умре - ќе живее. –Јован 11:25

# 6 НЕКОИ ЧУДА ШТО ГИ НАПРАВИ ИСУС

И ете, двајца слепи, седејќи покрај патот, чуја дека Исус минува, и извикаа велејќи: Господе, Давидов сине, смилувај ни се! И Исус им се сожали и им ги допре очите; и веднаш прогледаа и тргнаа по Него.

–Матеј 20:30 и 34

А кога прекрати да зборува, му рече на Симон: заплови кон длабокото и фрлете ги своите мрежи за лов! Симон Му одговори и рече: Господаре, цела ноќ се трудевме и ништо не уловивме; но на Твој збор, ќе ги фрлам мрежите. И кога го направија тоа, уловија големо мноштво риби, така што им се кинеа мрежите.

–Лука 5:4 - 6

# ИСУС ХРИСТОС Е СОЗДАТЕЛ И ГОСПОД



Во последниве денови ни зборуваше преку Синот, Кого Го постави за наследник на сè и преку Кого ги создаде и вековите. –Евреите 1:2

И така, нека сиот Израелев дом знае дека засигурно Бог Го направи и Господ и Христос, Овој Исус, Кого вие Го распнавте.

–Дела Апостолски 2:36

Зашто во Него е создадено сè што е во небесата и на земјата; видливо и невидливо, било престоли, или господства, или началства, или власти; сè е создадено преку Него и за Него.

–Колосјаните 1:16

# 8 ИСУС ХРИСТОС Е СУДИЈА НА СИТЕ

Тој ни заповеда да му проповедаме на народот и да сведочиме дека Тој е од Бог определениот Судија на живите и мртвите.
–Дела Апостолски 10:42

Таткото не суди никого, туку целиот суд Му го даде на Синот.
–Јован 5:22

И ќе се соберат пред Него сите народи, а Тој ќе ги оддели едни од други, како што пастирот ги одделува овците од козите. –Матеј 25:32

А ти, зошто го осудуваш својот брат? Или ти, зошто го презираш својот брат? Зашто, сите ќе застанеме пред Христовиот престол на судот. –Римјаните 14:10

Затоа и може наполно да ги спасува оние, кои преку Него доаѓаат при Бог, зашто секогаш живее, за да посредува за нив. –Евреите 7:25

Нема спасение ниту во еден друг, зашто нема друго име под небото дадено на луѓето, преку кое мора да се спасиме. –Дела Апостолски 4:12

И откако се усоврши, им стана на сите кои Му се послушни, Извор за вечно спасение. –Евреите 5:9

Исус му рече: Јас Сум Патот, Вистината и Животот. Никој не доаѓа при Таткото, освен преку Мене. –Јован 14:6

# 10 СПАСЕНИЕ – САМО ПРЕКУ ХРИСТОС

Затоа ви реков дека ќе умрете во своите гревови; зашто ако не поверувате дека Јас Сум, ќе умрете во своите гревови. –Јован 8:24

Да Му благодарите на Таткото, Кој нѐ оспособи за учество во наследството на светите во светлината. Тој нѐ избави од власта на темнината и нѐ пресели во Царството на Својот возљубен Син, во Кого имаме откуп, преку Неговата крв; простување на гревовите.

–Колосјаните 1:12- 14

Кој се даде Себеси за нас, за да нѐ избави од секакво беззаконие и за Себе да прочисти сопствен народ, кој Му припаѓа, кој ревнува за добрите дела. –Тит 2:14

Ако пак одиме во светлината, како што е Тој Самиот во светлината, имаме заедништво еден со друг, и крвта на Неговиот Син Исус нѐ очистува од секој грев. –1 Јованова 1:7

Во Кого имаме откуп преку Неговата крв, прошка на престапите, според богатството на Неговата благодат.

–Ефесјаните 1:7

Колку ли повеќе крвта на Христос, Кој преку вечниот Дух се принесе Себеси на Бог без недостаток, ќе ја очисти нашата совест од мртвите дела, за да Му служиме на живиот Бог. –Евреите 9:14

## 12 СПАСЕНИЕ ПРЕКУ ВЕРАТА ВО ХРИСТОС

И така, бидејќи оправдани преку верата, имаме мир со Бог, преку нашиот Господ Исус Христос. –Римјаните 5:1

Тогаш Му рекоа: Што да правиме, за да ги извршуваме Божјите дела? Исус одговори и им рече: Божјото дело е ова: да верувате во Оној, Кого Тој Го испратил.
–Јован 6:28 - 29

Зашто по благодат сте спасени, преку вера, и тоа не е од вас самите - тоа е Божјиот дар! Не од дела, за да не се фали некој.
–Ефесјаните 2:8 - 9

Зашто сѐ што е родено од Бог, го победува светот; и ова е победата која го победи светот: нашата вера. –1 Јованова 5:4

Зашто, колку е небото високо над земјата, толку е голема Неговата милост кон оние што се бојат од Него.

–Псалм 103/102:11

Но Господовата љубов е вечна над оние кои се бојат од Него, и Неговата правда е од синови до внуци. –Псалм 103/102:17

Господовите добрини не престануваат, Неговите милосрдија никогаш не изневеруваат. Тие се нови секое утро: Твојата верност е голема!

–Плач Еремијин 3:22-23

Нѐ спаси не врз основа на праведните дела што сме ги направиле ние, туку по Својата милост, преку капењето на новораѓањето и обновувањето преку Светиот Дух.

–Тит 3:5

# БОГ НЕ ПОВИКУВА ДА ДОЈДЕМЕ ПРИ НЕГО

Дојдете при Мене сите, кои сте уморни и обременети, и Јас ќе ви дадам починка. –Матеј 11:28

О сите вие, кои сте жедни, дојдете при водите; ако и немате пари, дојдете, купете и јадете. Да, дојдете, купете вино и млеко, без пари и без плаќање!

–Исаија 55:1

И сега дојдете, да просудиме, говори Господ. Ако ви бидат гревовите црвени како скерлет, ќе бидат бели како снег; ако бидат румени како пурпур, ќе станат како волна.

–Исаија 1:18

Духот и невестата велат: Дојди! И кој слуша нека рече: Дојди! И кој е жеден, нека дојде, и кој сака, нека земе дарум од водата на животот!

–Откровение 22:17

А на сите кои Го примија, им даде право да станат Божји деца - на оние кои веруваат во Неговото име.

–Јован 1:12

Сите оние, кои ги води Божјиот Дух - тие се Божји синови. Имено, не го примивте духот на ропството, за да бидете пак во страв, туку го примивте Духот на посинувањето, со кој викаме: Аба - Тато!

–Римјаните 8:14 - 15

По ова се познаваат Божјите деца и децата на ѓаволот: секој, кој не врши праведност не е од Бог и не го љуби својот брат.

–1 Јованова 3:10

# 16 ШТО ВЕЛИ ГОСПОД ЗА АЛКОХОЛОТ

Не гледај на виното кога искри рујно, кога се прелева светливо во чашата: се пие така глатко, а на крај каснува како змија. –Изреки (Поговорки) 23:31 - 32

Тешко им на тие кои стануваат рано наутро, одат по жесток пијалак и седат доцна во ноќта распалени од виното. –Исаија 5:11

А делата на телото се познати; тоа се: блудство, нечистота, бесрамност, завист, убиства, пијанства, срамни гозби, и слични на овие, за кои ви зборувам однапред, како што ви реков и порано: дека оние, кои прават такви работи, нема да го наследат Божјото Царство. –Галатјаните 5:19 и 21

И кога излегуваше на пат, некој притрча, клекна пред Него и Го праша: Добар Учителе, што да правам, за да наследам вечен живот? А Исус му рече: Зошто Ме нарекуваш добар! Никој не е добар освен единиот Бог. Ги знаеш заповедите: Не убивај! Не прељубодејствувај! Не кради! Не сведочи лажно! Не измамувај! Почитувај ги татка си и мајка си! Но тој Му одговори: Учителе, сето тоа го пазев од својата младост. А Исус го погледна, Му омиле и му рече: Едно не ти достига: оди, продај сè што имаш, и дај им на сиромасите и ќе имаш ризница на небото! И дојди, и следи Ме! А тој се натажи од тие зборови и си отиде жалејќи, зашто имаше многу имот. –Марко 10:17 - 22

Никој да не ве мами со празни зборови, зашто заради тие нешта доаѓа Божјиот гнев врз синовите на непокорноста. –Ефесјаните 5:6

Или не знаете ли дека неправедниците нема да го наследат Божјото Царство? Не измамувајте се! Ни блудниците, ни идолопоклониците, ни прељубниците, ни навредувачите, ни хомосексуалците, ни крадците, ни лакомците, ни пијаниците, ни клеветниците, ни разбојниците, нема да го наследат Божјото Царство.

–1 Коринтјаните 6:9 - 10

Но требаше да се веселиме и да се радуваме, зашто овој твој брат беше мртов и оживе; беше изгубен и се најде. –Лука 15:32

Затоа, како што гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот — смртта; така смртта помина на сите луѓе, зашто сите згрешија.

–Римјаните 5:12

Потоа похотта зачнува и раѓа грев, а направениот грев раѓа смрт. –Јаков 1:15

Умрев, и ете, Жив Сум во сите векови. Амин! И ги имам клучевите на Подземјето и смртта.

–Откровение 1:18

Таткото Ме љуби затоа, што Јас го давам Својот живот, за повторно да го земам. Никој не Ми го одзема, туку Јас го давам Сам од Себе. Имам власт да го дадам, и имам власт да го земам пак. Оваа заповед ја примив од мојот Татко.

–Јован 10:17 - 18

Откако го рече тоа, викна со силен глас: Лазаре, излези надвор! Умрениот излезе, завиткан со повои по рацете и нозете, а лицето му беше забрадено со крпа. Исус им рече: Одвиткајте го и оставете го да оди!

–Јован 11:43 - 44

Да немаш други богови покрај Мене! Не прави си резан лик ни некаква слика на што и да е горе на небото или долу на земјата, или во водите под земјата. Не користи го напразно името на Господ, твојот Бог, зашто Господ не ќе го остави неказнет оној, кој го користи напразно Неговото име. Одржувај го саботниот ден за да го осветуваш, како што ти заповеда Господ, твојот Бог. Шест дни работи и извршувај ги сите свои работи. А седмиот ден е сабота на Господ, твојот Бог; Почитувај ги татка си и мајка си, како што Господ, тво-

 јот Бог, ти заповеда, Не убивај! Не прељубодејствувај! Не кради! Не сведочи лажно против својот ближен! Не посакувај ја жената на својот ближен! Не лакоми за куќата на својот ближен, за неговата нива, за неговиот слуга, за неговата слугинка, за неговиот вол, за неговото магаре, ниту за нешто што е на твојот ближен.

–5 Мојсееева 5:7 - 21

## ОД БОГ НЕ МОЖЕ ДА СЕ СКРИЕ

Зашто нема ништо тајно, што не ќе стане јавно; ниту скриено, што не ќе се разбере и излезе на видело.

–Лука 8:17

Зашто, Неговите очи се над човечките патишта, и Тој го гледа секој негов чекор. Нема таков мрак и ниту смртна сенка каде би можеле да се скријат оние што прават неправда. –Јов 34: 21 - 22

Господовите очи се на секое место и ги набљудуваат и злите и добрите. –Пословици 15:3

Ако се вивнам на небото: таму си, ако слезам во подземјето: и таму си, ни темнината за Тебе не ќе биде темна: ноќта свети како ден и темнината е како светлина. –Псалм 139/138:8 и 12

Може ли некој да се скрие во тајни места та Јас да не го видам? - говори Господ. Не ги исполнувам ли Јас небото и земјата? - говори Господ. –Еремија 23:24

## 24 ВЕЧНАТА КАЗНА ЗА БЕЗБОЖНИЦИТЕ

Безбожниците ќе завршат во подземјето, сите народи што го забораваат Бог.

–Псалм 9:17

И овие ќе отидат во вечна мака, а праведниците во вечен живот. –Матеј 25:46

Синот Човечки ќе ги испрати Своите ангели, кои ќе ги соберат од Неговото Царство сите соблазни, и оние кои вршат беззаконие, и ќе ги фрлат во огнена печка; таму ќе биде плач и чкртање со заби.

–Матеј 13:41 - 42

Но љубовта во нас дојде до совршенство во тоа: ние да имаме смелост во Судниот ден, зашто каков е Тој, такви сме и ние во светов. –1 Јованова 4:17

Зашто сите ние треба да се појавиме пред престолот на Христовиот суд, и секој да прими според она што направил во своето тело, било добро или зло.
–2 Коринтјаните 5:10

И така, секој од нас ќе даде сметка пред Бог за себе. –Римјаните 14:12

Зашто определил ден, кога ќе му суди праведно на целиот свет - преку Човек Кого Тој Го определил за тоа; давајќи им на сите уверување со тоа што Го воскресна од мртвите.
–Дела Апостолски 17:31

# 26 БЛАГОДАТТА НА ИСУС ХРИСТОС

Зашто позната ви е благодатта на нашиот Господ Исус Христос, како заради вас од богат стана сиромав, за вие да се обогатите преку Неговата сиромаштија.

–2 Коринтјаните 8:9

Според тоа, не зависи од оној, кој пожелува; ниту од оној, кој трча, туку од милостивиот Бог. –Римјаните 9:16

Но дарот на благодатта не е како престапувањето; зашто ако преку престапувањето на еден мнозината изумреа; многу поизобилно се излеа на мнозината Божјата благодат и дарот преку благодатта на Еден Човек, Исус Христос.

–Римјаните 5:15

Не, ви велам, но ако не се покаете, сите ќе загинете така.

–Лука 13:3

И говореше: Покајте се, зашто се приближи Небесното Царство.

–Матеј 3:2

Зашто тагата која е според Бог донесува покајание за спасение за кое не жалиме; но тагата на светот донесува смрт.

–2 Коринтјаните 7:10

Затоа, покајте се и обратете се, за да ви бидат избришани гревовите, за времиња на освежување да дојдат од присуството на Господа.

–Дела Апостолски 3:19

# ПРОСТУВАЊЕ НА ГРЕВОВИТЕ

Безбожникот нека го остави својот пат, а неправедниот своите замисли. Нека се врати при Господа и при нашиот Бог, Кој ќе му се смилува; зашто Тој ќе го умножи опростувањето.

–Исаија 55:7

Зашто, ако вие им ги простите на луѓето нивните гревови, вашиот небесен Татко ќе ви ги прости и вам. –Матеј 6:14

Еве, стојам на вратата и чукам; ако некој го чуе Мојот глас и ја отвори вратата, ќе влезам при него и ќе вечерам со него, и тој со Мене.

–Откровение 3:20

А Исус, кога ја виде нивната вера, му рече на парализираниот: Синко, ти се простуваат гревовите.

–Марко 2:5

Зашто се јави Божјата благодат, која носи спасение за сите луѓе, која нѐ упатува да се откажеме од безбожноста и светските похоти; да живееме разумно, праведно и побожно во сегашниов век.
–Тит 2:11 - 12

Не сакајте го светот, ниту она што е во светот. Ако некој го сака светот, љубовта од Таткото не е во него, зашто сѐ што е во светот: - похотта на телото, похотта на очите и гордоста на животот, не се од Таткото, туку од светот. –1 Јованова 2:15 - 16

Мислете за она што е горе, не за она што е на земјата. –Колосјаните 3:2

И не бидете соучесници во бесплодните дела на темнината, туку подобро: разоткривајте ги!
–Ефесјаните 5:11

Исус му одговори и рече: Вистина, вистина, ти велам, ако некој не се роди одозгора, тој не може да го види Божјото Царство. –Јован 3:3

Зашто сте newороdени не од распадливо семе, туку од нераспадливото живо и вечно Божјо слово. –1 Петрова 1:23

Знаеме дека ниеден, кој е роден од Бог, не греши, туку родениот од Бог се пази себеси и лукавиот не се допира до него.

–1 Јованова 5:18

И така, ако е некој во Христос, тој е ново создание; старото помина, ете: сè стана ново.

–2 Коринтјаните 5:17

# МРТОВ ЗА ГРЕВОТ-ВОСКРЕСНАТ ЗА ХРИСТОС 

И така, ако воскреснавте со Христос, барајте го она што е горе - каде што е Христос Кој седи од десно на Бог. –Колосјаните 3:1

А оние кои Му припаѓаат на Исус Христос го распнаа своето тело со неговите страсти и похоти.

–Галатјаните 5:24

Ние, кои умревме за гревот, како ќе живееме уште во него?

Така и вие сметајте се себеси мртви за гревот, но живи за Бог во Исус Христос!

–Римјаните 6:2 и 11

Зашто платата за грев е смрт, но Божји бесплатен дар е - вечен живот во Христос Исус, нашиот Господ. –Римјаните 6:23

Вистина, вистина ви велам: кој го слуша Моето слово и верува во Оној, Кој Ме пратил, има вечен живот и не доаѓа на суд, туку преминал од смрт во живот.
–Јован 5:24

Кој сее во своето тело, од телото ќе пожнее погибел; а кој сее во Духот, од Духот ќе пожнее вечен живот.
–Галатјаните 6:8

А ова е вечен живот: да Те познаат Тебе, Единствениот вистински Бог, и Исус Христос, Кого си Го испратил. –Јован 17:3

Делото на праведноста ќе биде мирот, а плодот на праведноста, покој и надеж засекогаш.

–Исаија 32:17

Самиот Дух сведочи заедно со нашиот дух дека сме Божји чеда.

–Римјаните 8:16

Кој ги има Моите заповеди и ги пази, тој Ме љуби; а кој Ме љуби Мене, него ќе го љуби Мојот Татко, и Јас ќе го љубам, и ќе му се јавам Сам. –Јован 14:21

Дечиња мои, да не љубиме со збор или само со јазик, туку во дело и вистина. По тоа ќе познаеме дека сме од вистината, па ќе ги увериме своите срца пред Него.

–1 Јованова 3:18 - 19

# 34 ХРИСТОС ВО НАС - ИЗВОР НА РАДОСТ

Ова ви го реков за да биде Мојата радост во вас, и вашата радост да биде потполна.

–Јован 15:11

Ќе ми го објавиш патот на животот, во Твоето присуство има потполна радост, десно од Тебе - вечно блаженство.

–Псалм 16/15:11

И јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене: а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку верата во Божјиот Син, Кој ме возљуби и Се предаде Себеси за мене.

–Галатјаните 2:20

А сега идам при Тебе, и го зборувам ова во светот, за да ја имаат Мојата радост потполна во себе.

–Јован 17:13

Не знаете ли: ако некому му се предадете за робови во послушност - робови сте му на оној, кому му се покорувате: или на гревот - за смрт; или на послушноста - за праведност?

–Римјаните 6:16

А вам, на измачуваните, да ви се даде олеснување заедно со нас, кога ќе се јави Господ Исус од небото, со своите моќни ангели, во пламенен оган, за да даде одмазда на оние кои не Го познаваат Бог и кои не му се послушни на евангелието на нашиот Господ Исус; кои ќе бидат казнети со вечна пропаст далеку од лицето на Господ и од славата на Неговата моќ.

–2 Солуњаните 1:7 - 9

# 36 НЕОПХОДНО ПРИЗНАВАЊЕ НА ХРИСТОС

Секој, што Го одречува Синот Го нема ни Таткото; кој Го исповедува Синот, Го има и Таткото.

–1 Јованова 2:23

Зашто, ако со твојата уста исповедаш, дека Исус е Господ и ако во твоето срце поверуваш, дека Бог Го воскреснал од мртвите, ќе бидеш спасен. Зашто со срцето се верува за праведност, а со устата се исповедува за спасение.

–Римјаните 10:9 - 10

И така, секој кој Ме признава Мене пред луѓето, ќе го признаам и Јас него пред Мојот Татко, Кој е на небесата. А кој ќе се одрече од Мене пред луѓето, и Јас ќе се одречам од него пред Мојот Татко, Кој е на небесата.

–Матеј 10:32 - 33

# САТАНАТА - НАШИОТ СТАР НЕПРИЈАТЕЛ



Облечете се во сето Божјо оружје, за да можете да им се спротивставите на тактиките на ѓаволот.
–Ефесјаните 6:11

Тогаш Духот Го одведе Исус во пустината, за да биде искушуван од ѓаволот... Тогаш Исус му рече: Оди си, Сатано, зашто е пишано: На Господа, твојот Бог, поклонувај Му се и служи Му само Нему! Тогаш ѓаволот Го остави и, ете, ангели дојдоа и Му служеа.
–Матеј 4:1 и 10 - 11

Бидете трезвени и бдејте: вашиот противник, ѓаволот, обиколува како лав што рика барајќи некого да проголта.
–1 Петрова 5:8

И така, покорете Му се на Бог, а противете се на ѓаволот и тој ќе побегне од вас. Приближете се кон Бог, и Тој ќе се приближи кон вас. –Јаков 4:7 - 8а

Кој прави грев од ѓаволот е, зашто ѓаволот греши од почетокот. Затоа се јави Божјиот Син, за да ги разурне делата на ѓаволот. –1 Јованова 3:8

И тогаш ќе се јави безаконикот кого Господ ќе го убие со здивот на Својата уста и ќе го уништи со појавата на Своето доаѓање.

–2 Солуњаните 2:8

# ЉУБОВТА - ПОТВРДА ЗА УЧЕНИШТВОТО

А плодот на Духот е: љубов, радост, мир, трпение, љубезност, добрина, верност, кротост, самоконтрола; нема закон против вакви нешта.

–Галатјаните 5:22 - 23а

По тоа сите ќе познаат дека сте Мои ученици - ако имате љубов помеѓу себе. –Јован 13:35

Ако некој рече: Го љубам Бог, а го мрази брата си, лажливец е; зашто кој не го љуби брата си, кого го видел, не може да Го љуби Бог, Кого не Го видел. –1 Јованова 4:20

Ако ги зборувам човечките и ангелските јазици, а љубов немам - тогаш сум бакар што ѕвони, или кимвал што ѕвечи.

–1 Коринтјаните 13:1

Кој беше предаден за нашите гревови и беше воскреснат за наше оправдание. –Римјаните 4:25

А кога воскресна рано, во првиот ден на седмицата, ѝ се јави прво на Марија од Магдала, од која беше истерал седум демони. –Марко 16:9

А по осум дни, Неговите ученици пак беа внатре, и Тома со нив. Додека вратата беше затворена, Исус дојде, застана на средина и им рече: Мир вам! Потоа му рече на Тома: Испружи го твојот прст ваму и види ги Моите раце; и испружи ја твојата рака, и стави ја во Моите ребра; и не биди неверлив - туку верлив! Тома одговори и Му рече: Мој Господ и мој Бог! –Јован 20:26 - 28

Вистина, вистина ви велам дека доаѓа час, и веќе е тука, - кога мртвите ќе го чујат гласот на Божјиот Син, и кои ќе го чујат - ќе живеат. Не чудете се на тоа, зашто доаѓа час во кој сите, кои се во гробовите, ќе го чујат Неговиот глас и ќе излезат од нив, кои правеле добро, ќе воскреснат за живот, а кои правеле зло, ќе воскреснат за осудување.
–Јован 5:25 и 28, 29

Или зар не знаете дека сите ние, кои сме крстени во Христос Исус, крстени сме во Неговата смрт? И така, преку крштавањето во смртта, погребани сме заедно со Него, та како што Христос воскресна од мртвите преку славата на Таткото, така и ние да одиме во новоста на животот. Зашто ако сме соединети со Него во смртта слична на Неговата, ќе бидеме и во воскресението слично на Неговото. –Римјаните 6:3-5

Туку според Светецот, Кој ве повика, бидете и самите свети во целото свое однесување.

–1 Петрова 1:15

Јас ве крштавам во вода за покајание; но Оној, Кој доаѓа по мене е посилен од мене - Кому јас не сум достоен да Му ги понесам сандалите - Тој ќе ве крсти во Светиот Дух и оган.

–Матеј 3:11

Дека ќе ни даде нам, избавените од рацете на непријателите; да Му служиме без страв - во светост и праведност пред Него, во сите наши дни.

–Лука 1:74 - 75

Но вие не сте во телото, туку во Духот, ако Божјиот Дух навистина пребива во вас. Но, ако некој Го нема Христовиот Дух, не е Негов.

–Римјаните 8:9

Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци.

–Дела Апостолски 1:8а

Ќе го ставам Мојот Дух длабоко во вас, за да одите по Моите закони и за да ги пазите и вршите Моите наредби.

–Езекиел 36:27

А кога се помолија, се стресе местото, каде што беа собрани. И сите се исполнија со Светиот Дух и смело го навестуваа Божјото Слово.

–Дела Апостолски 4:31

Па Мојата рака го направи сето тоа, и Така сето тоа и настана - објавува Господ. Но кон овој Јас ќе погледнам: Кон понизниот и кон човек со скршен дух, кој трепери пред Мојот збор. –Исаија 66:2

Возљубени мои, не чудете се на огненото испитување што се појави меѓу вас за да ве искуша, како да ви се случува нешто необично, туку, радувајте се дека соучествувате во Христовите страдања, за да можете да се радувате и да се веселите при откровението на Неговата слава.

–1 Петрова 4:12 - 13

Господ е близу до оние што се со ранети срца, и ги спасува оние, што се со скршен дух.

–Псалм 34/33:18

Праведникот има многу неволји, но, Господ го избавува од сите.

–Псалм 34/33:19

Никакво искушение не ве постигна, освен човечкото. А Бог е верен и не ќе дозволи да бидете искушувани над вашите сили, туку заедно со искушението ќе ви даде и излез, за да можете да го издржите.

–1 Коринтјаните 10:13

А Бог на мирот ќе го сотре наскоро Сатаната под вашите нозе. Благодатта на нашиот Господ Исус да биде со вас. Амин!

–Римјаните 16:20

На оној, кој победува, ќе му дадам да седне со Мене на Мојот престол, како што и Јас победив и седнав со Мојот Татко на Неговиот престол.

–Откровение 3:21

Кој победува, ќе се облече во бели облеки и нема да го избришам неговото име од книгата на животот, но ќе го признаам неговото име пред Мојот Татко и пред Неговите ангели.

–Откровение 3:5

Кој има уво, нека чуе, што им зборува Духот на црквите: На оној, кој победува, ќе му дадам да јаде од дрвото на животот, кое што е среде Божјиот рај!

–Откровение 2:7

А на сопружниците не им наредувам јас, туку Господ: жената да не го напушта мажот ; ако го напушти нека остане немажена или нека се помири со својот маж; и мажот да не ја остава својата жена.

–1 Коринтјаните 7:10 - 11

А Јас ви велам, дека секој, кој  ја остава својата жена, освен за прељуба, ја наведува на прељубодејство, и кој се ожени со така напуштена, прави прељуба.

–Матеј 5:32

Секој кој ја остава својата жена и се жени со друга, прави прељуба; и кој се жени со оставена-прељубодејствува.

–Лука 16:18

Ете, идам скоро! Држи го цврсто она, што го имаш, па никој да не ја земе твојата круна.

–Откровение 3:11

И кога ќе отидам и ви приготвам место, пак ќе дојдам и ќе ве земам при Себе, за да бидете и вие каде што Сум и Јас. А знаете каде одам Јас, и патот го знаете.

–Јован 14:3

Зашто, како што молњата излегува од исток и светка до запад, така ќе биде и доаѓањето на Синот Човечки.

–Матеј 24:27

И тогаш ќе се јави на небото знакот на Синот Човечки; и тогаш ќе заплачат сите племиња на земјата и ќе Го видат Синот Човечки, како доаѓа на небесните облаци, со сила и со голема слава.

–Матеј 24:30

# БОЖЈИОТ ПАТ НА СПАСЕНИЕ

***потребен ми е Спасител.***

Зашто сите згрешија и им недостасува Божјата слава.
–Римјаните 3:23

Туку вашите беззаконија создадоа разделба, меѓу вас и вашиот Бог. –Исаија 59:2а

***Христос умре за мене.***

Зашто и Христос умре еднаш за гревовите, Праведен за неправедните, за да нè приведе при Бог. –1 Петрова 3:18а

***треба да се покајам за мојот грев.***

Кој ги крие своите престапи нема успех, а кој ги исповеда и се одречува од нив наоѓа милост. –Пословици 28:13

***Морам да го примам Исус со вера.***

**А** на сите кои Го примија, им даде право да станат Божји деца,- на оние кои веруваат во Неговото име:
–Јован 1:12

***Можам да бидам сигурен за моето спасение.***

Кој Го има Синот, има живот; кој Го нема Божјиот Син, нема живот. –1 Јованова 5:12а

Published in numerous languages by World Missionary Press, Inc., as God supplies funds in answer to prayer. **For questions or more information by country, visit: www.wmp-contacts.org**

World Missionary Press
PO Box 120
New Paris, IN 46553-0120 USA
www.wmpress.org

Read booklets online or by App
www.wmp-readonline.org

5-24

50 Macedonian HFA